# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за извршување на Буџетот на Општина Битола во третиот квартал од 2023 год.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа член 32 став 2 ("Службен весник на РМ" бр.61/04 , 96/04 и 156/09) се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Во буџетот на Општина Битола, за третиот квартал биле реализирани приходи во износ од 660.383.201,00 денари, од планираните 945.439.950,00 денари од вкупниот основен Буџет на Општина Битола, или 69,85% остварени, додека реализираните расходи се во износ од 576.901.006,00 денари, од планираните 945.439.950,00 денари од вкупниот основен Буџет на Општина Битола или 61,02%.

***Динамика на движење на приходите во третиот квартал:***

Ставка 711- Данок од доход, од добивка и од капитални добивки, за третиот квартал, од планираните 41.510.000,00 денари од вкупниот основен Буџет, остварени се приходи во износ од 42.681.990,00 денари над 100%.

Ставка 713- Данок на имот за третиот квартал, од планираните во вкупниот буџет 163.750.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 143.769.136,00 денари или 87,80%.

Ставка 717- Данок на специфични услуги во третиот квартал, од планираните 286.840.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 254.412.393,00 денари или 88,69%.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 23.660.000,00 денари, остварени се 4.259.116,00 денари или 18%.

Ставка 722- Глоби, судски и административни такси во третиот квартал, од планираните 4.000.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 2.073.628,00 денари или 51,84%.

Ставка 723- Такси и надоместоци во третиот квартал, од планираните 12.000.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 9.844.167,00 денари или 82,03%.

Ставка 725- Други неданочни приходи во третиот квартал, од планираните 26.873.819,00 денари, остварени се приходи во износ од 10.652.497,00 денари или 39,64%.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 93.362.792,00 денари, остварени се 71.253.432,00 денари или 76,32%.

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт во третиот квартал, од планираните 293.443.339,00 денари, остварени се приходи во износ од 121.436.842,00 денари или 41,38%.

***Динамика на движење на расходите во третиот квартал***:
***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 46.181.639,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 69.916.697,00 денари.

Ставка 402- Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 17.845.402,00 денари од вкупно планирани во буџетот 26.126.076,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во третиот квартал реализирани се трошоци од 11.395.512,00 денари од планираните 15.085.000,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва не се реализирани трошоци од планираните 1.500.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви не се реализирани трошоци од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 1.102.649,00 денари, од планираните 2.970.000,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 72.656.224,00 денари, од планираните 104.755.051,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 4.928.416,00 денари, од планираните 11.124.274,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 64.444.720,00 денари, од планираните 92.524.564,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во третиот квартал во износ од 26.994.901,00 денари, од планираните 39.341.338,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 16.880.539,00 денари, од планираните 23.789.250,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427- Привремени вработувања реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 8.778.799,00 денари, од планираните 12.000.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452- Каматни плаќања кон домашни кредитори планирани се средства во износ од 1.765.814,00 денари, и во третиот квартал се реализирани трошоци во износ од 1.765.814,00 денари.

Ставка 461- Субвенции за јавни претпријатија, реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 5.400.000,00 денари, од планираните 6.549.770,00 денари.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци за третиот квартал во износ од 66.083.018,00 денари, од планираните 73.750.000,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 27.941.987,00 денари, од планираните 64.134.886,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 1.550.000,00 денари, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 716.198,00 денари.

Ставка 471- Социјални надоместоци реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 4.319.032,00 денари, од планираните 4.700.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 8.540.768,00 денари, од планираните 18.339.281,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти реализирани се расходи за третиот квартал во износ од 168.979.359,00 денари, од планираните 342.399.849,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните 500.000,00 денари, реализирани расходи за третиот квартал се 52.300,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во третиот квартал во износ од 7.601.529,00 денари, од планираните 17.918.100,00 денари.

Ставка 491- Отплата на главница реализирани расходи за третиот квартал се во износ од 14.292.200,00 денари од планираните 14.500.000,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 61,02%. Програмата А0- Совет на општината е извршен 64,91%, програмата Г1- Локален економски развој е извршена со 21,38%, програмата ГД- Проекти за енергетска ефикасност е извршена со 63,08%, програмата Д0- Градоначалник е извршена со 70,27%, Д1- Месна самоуправа со 28,49%, програмата Е0- Општинска администрација исполнета со 67,59%, програмата ЕА- Капитални трошоци на општината е реализирана со 57,15%, програмата Ј2- Одведување и пречистување на отпадни води со 100%, програмата Ј3- Јавно осветление е извршена со 80,43%, Ј4- Јавна чистота со 64,36%, програма Ј6- Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е исполнета со 54,61%, програма Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило со 84,62%, програма Ј8- Други комунални услуги со 78,07%, ЈА- Др. градежни работи реализирана со 61,63%, ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување реализира е со 25,74%, ЈГВ-Реконструкција на водоводна мрежа на улици во населба Недопирливи со 100%, програма ЈГМ- Реконструкција на водоводна мрежа Булевар 1-ви Мај е со 100%, ЈД0- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 51,10%, ЈДА- Изградба и реконструкција на локални патишта и улици-Довлеџик реализирана е со 100%, ЈДД -Изградба на улици СРУ 5 во АРМ четврт 1 со 100%, ЈДЕ- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици-Крушевска република со 37,72%, ЈДЈ- Реконструкција на локални улици и патишта ул 7-ми Јули со 98,27%, ЈДК- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици Булевар 1-ви Мај со 98,81%, ЈДП-Реконструкција на ул Н.Н Борче со 99,78%, ЈДФ-Реконструкција на улица Македонска фаланга со 100%, ЈИ- Изградба на атмосферска и фекална канализација со 30,30%, ЈИЕ-Реконструкција и канализациона мрежа во населба Недопирливи е извршена со 100%, ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 28,73%, ЈЛА- Изградба на парк е извршена со 48,81%, ЈЛБ-Адаптација на објект-ветеринарни институции од урбан тип со 69,93%, К3- Музејска и кинотечна дејност со 83,26%, К4-Културни манифестации и творештво е реализирана со 92,66%, КАМ -Партерно уредување околу Офицерски дом е извршена со 99,53%, КАР-Набавка, транспорт и монтажа на канделабри во Офицерски дом со 73,11%, ЛО-Спорт и рекреација со 91,34%, ЛА-Спорт и рекреација (капитални расходи) со 56,90%, ЛАА Реконструкција на фудбалски стадион под Тумбе-кафе со 97,04%, Н1-Основно образование со 59,78%, НА-Капитални расходи за основно образование со 89,36%, Њ0- Противпожарна заштита со 59,54%, ЊА-Противпожарна заштита (капитални расходи) со 41,99%, Р1-Заштита на животна средина и природа со 71,42%, Ф1-Урбанистичко планирање со 65,04% и Џ1-Родова еднаквост е извршена со 46,50%.

***Корисници на средства од наменска и блок дотација***:

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за наменска и блок дотација се реализирани во износ од 739.108.250,00 денари, од планираните 1.089.667.852,00 денари, или 67,83%.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација за третиот квартал се во износ од 725.187.911,00 денари од планираните 1.089.667.852,00 денари или 66,55% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 468.071.873,00 денари, од планираните 629.119.135,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 182.772.048,00 денари, од планираните 244.407.798,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 30.028.612,00 денари, од планираните 67.912.578,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се трошоци во износ од 1.020.388,00 денари, од планираните 3.281.466,00 денари.

Ставка 424- Поправка и тековно одржување реализирани се трошоци во износ од 4.337.318,00 денари, од планираните 11.963.346,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 27.258.514,00 денари, од планираните 42.169.650,00 денари.

Ставка 426- Други оперативни расходи од планираните 2.184.642,00 денари, реализирани се трошоци во третиот квартал во износ од 1.033.472,00 денари.

Ставка 464- Разни трансфери е реализирана со износ од 300.595,00 денари, од планираните со износ од 2.922.978,00 денари.

Ставка 480- Купување на опрема и машини е планирана со износ од 15.372.243,00 денари, реализирана во третиот квартал со 4.690.131,00 денари.

Ставка 482- Други градежни објекти бил планиран износ од 66.254.016,00 денари, а се реализирани средства во третиот квартал со износ од 5.574.960,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел бил планиран износ од 4.080.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 100.000,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1- Детски градинки е 54,78%, В2- Дом за стари лица 63,07%, К3- Музејска и кинотечна дејност е 65,68%, Н1- Основно образование со 74,79%, Н2-Средно образование со 59,92% и програмата Ђ0- Противпожарна заштита со 74,80%.

Вкупно реализирани приходи за **Сметката Самофинансирачки активности** за третиот квартал се во износ од 40.170.742,00 денари од планираните 106.532.909,00 денари, или 37,71%.

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** во третиот квартал се реализирани 37.234.173,00 денари од планираните 106.532.909,00 денари или 34,95% и тоа:

Ставка 401- Основни плати планирани се трошоци во износ од 480.000,00 денари, но не се реализирани средства во третиот квартал.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 178.000,00 денари, но не се реализирани средства во третиот квартал.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.344.301,00 денари, реализирани се во третиот квартал 221.141,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 15.737.000,00 денари, реализирани се 5.733.445,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 41.953.560,00 денари, реализирани се 18.922.435,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 13.114.000,00 денари, реализирани се 2.748.506,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 12.476.008,00 денари, реализирани се во износ од 6.352.418,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 4.129.000,00 денари, реализирани се 1.754.127,00 денари.

Ставка 427-Привремени вработувања планирана е со износ од 100.000,00 денари, но нема реализација за третиот квартал.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се трошоци во износ од 1.999.000,00 денари, реализирани се 281.804,00 денари.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини од планираните трошоци во износ од 6.377.040,00 денари, реализирани се 1.070.082,00 денари.

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планираните трошоци во износ од 2.900.000,00 денари, реализирани се 52.245,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните трошоци во износ од 3.292.000,00 денари, реализирани се 79.750,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните трошоци во износ од 553.000,00 денари, реализирани се 18.220,00 денари.

Ставка 486- Купување на возила планирана е со износ од 1.900.000,00 денари, но нема реализација за третиот квартал.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1- Детски градинки со 34,30%, В2- Дом за стари лица со 62,12%, ВА- Капитални расходи за детските градинки со 8,38%, ВБ- Капитални расходи за Дом за стари лица со 6,31%, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 24,03%, Н1- Основно образование со 15,72%, Н2- Средно образование со 27,52%, НА- Капитални расходи за основно образование со 13,31% и НБ-Капитални расходи за средно образование со 5,48%.

Вкупните тековно оперативни приходи од **Донации** од планираните 87.647.182,00 денари, приходовани во третиот квартал се средства од 22.525.931,00 денари или 25,70%, додека за планираните расходи од 87.647.182,00 денари е реализиран износ од 22.525.931,00 денари или 25,70%. Со средства од Донации се реализираат следните проекти: донации од локалните јавни установи ЈОУДГ Естреја О. Мара, ОУ Даме Груев, СОУ Јане Сандански, ОУ Св.Климент Охридски и други локални јавни установи и проектите на Општина Битола како Бенефит, Креирање на можности за работа за сите, ОКР–СДЦ, Смарт кул-тур и др.

Изработил
К.Ѓ Сектор за Финансиски прашања